У-6.бр.1747/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телеграфчиска - претседател на советот, Рамије Цара и м-р Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар - виш судски референт Александра Гоческа Крстевска, одлучувајќи по тужбата на тужителот ДТУ НЕФРОПЛУС МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје поднесена преку полномошник Александар Михајлоски, адвокат од Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки број 09-807/7 од 17.09.2020 година, вредност на спорот 1.475.000,00 денари, по одржаната јавна расправа на ден 01.07.2021 година во присуство на полномошникот на тужителот - Адвокат Стоименов Горан од Скопје, со заменичко полномошно дадено од Адвокат Александар Михајлоски од Скопје и овластен претставник на тужениот орган - Зоран Трајановски од Скопје, а во отсуство на заинтересирано лице ТДППУ ВЕСТА ДРОГЕРИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Скопје - уредно поканет, на ден 08.07.2021 година, согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови, ја донесе и јавно ја објави следната:

I

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот ДТУ НЕФРОПЛУС МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки број 09-807/7 од 17.09.2020 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на полномошникот на тужителот, да се задолжи тужениот орган да му ги надомести на тужителот трошоците на постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Тужителот со тужба за управен спор ја оспори законитоста на решението означено во изреката на пресудата поради повреда на правилата на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба која му претходела на актот и погрешна примена на материјално право со предлог, Судот да ја уважи тужбата, оспореното решение да го поништи и да го задолжи тужениот да му ги надомести трошоците на постапката, во рок од 8 дена по приемот на пресудата.

Тужениот орган целокупното досие со списите го овозможи достапно на Електронскиот систем за јавни набавки, и достави писмен одговор со кој ги оспори тужбените наводи со предлог тужбата да се одбие како неоснована. Судот одговорот на тужбата го достави до тужителот но иако уредно го примил на ден 25.11.2020 година, не се произнесе по истиот.

Тужбата и одговорот на тужба даден од тужениот орган, Судот ги достави заедно со поканата за јавна расправа до ТДППУ ВЕСТА ДРОГЕРИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Скопје како заинтересирано лице, но иако уредно ги примил на ден 14.06.2021 година, не се произнесе по истите.

Постапувајќи по тужбата, Управниот суд закажа јавна расправа на ден 01.07.2021 година која се одржа во присуство на полномошникот на тужителот - Адвокат Стоименов Горан од Скопје, со заменичко полномошно дадено од Адвокат Александар Михајлоски од Скопје и овластен претставник на тужениот орган - Зоран Трајановски од Скопје, а во отсуство на заинтересирано лице ТДППУ ВЕСТА ДРОГЕРИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Скопје – уредно поканет, видно од повратница примена на ден 14.06.2021 година.

На јавната расправа судијата известител го изложи предметот при што се наведе дека, со оспореното решение жалбата на сега тужителот, изјавена преку полномошник - адвокат Александар Михајлоски од Скопје, против Одлуката за избор на најповолна понуда и за поништување на дел од постапката за доделување на договор за јавна набавка од 27.08.2020 година за дел 40, донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.08722/2020 за набавка на стоки - Медицински и друг потрошен материјал на договорниот орган ЈЗУ Универзитетска Клиника за Нефрологија, се одбива поради неоснованост и истото станало конечно.

Од образложението на оспореното решение произлегува дека Договорниот орган спровел постапка за јавна набавка со Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.08722/2020 за набавка на стоки - Медицински и друг потрошен материјал, за што претходно била донесена Одлука за спроведување на отворена постапка за јавна набавка од 16.06.2020 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки и во Службен весник на Република Северна Македонија, како делива на 99 делови, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за доделување на договор за јавна набавка ќе го користи критериумот економски најповолна понуда врз основа на цената, со спроведување на е-аукција. Од понудувачите било побарано да доставаат документ за регистрирана дејност, Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот (5.00%). До крајниот рок за поднесување на понудите 17.07.2020 година, пристигнале вкупно 32 (триесет и две) понуди, за што бил составен Записник од отворањето на понудите од 24.07.2020 година. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите, по што понудувачите кои поднеле прифатливи понуди ги поканила на е-аукција. По завршувањето на е-аукцијата, врз основа на електронски генерираните Извештаи за текот на е-аукцијата и Извештајот од спроведена постапка од 27.08.2020 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог за избор па најповолна понуда. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда и за поништување на дел од постапката за доделување на договор за јавна набавка од 27.08.2020 година во која за дел 40 како најповолна била избрана понудата на економскиот оператор „ВЕСТА ДРОГЕРИЈА“ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје.

Незадоволен од донесената Одлуката за избор на најповолна понуда и за поништување на дел од постапката за доделување на договор за јавна набавка од 27.08.2020 година за дел 40, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднел економскиот оператор „НЕФРОПЛУС МЕДИКАЛ“ ДООЕЛ Скопје.

Постапувајќи по изјавената жалба, Државната комисија за жалби по јавни набавки го донела оспореното Решение бр.09-807/7 од 17.09.2020 година, со кое ја одбила жалбата на сега тужителот ДТУ НЕФРОПЛУС МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје поради неоснованост. Во образложението, тужениот орган навел дека постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, како и по службена должност согласно член 141 од Законот за јавните набавки, а врз основа на сите приложени докази во предметот и увидот во Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) за спроведената постапка

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

за доделување договор за јавна набавка, утврдил дека договорниот орган постапил согласно одредбите од Законот за јавните набавки кога понудата на тужителот ја исклучил од постапката на евалуација поради недостатоци. Ова, од причина што во понудата во делот име на понудувачот наместо жалителот НЕФРОПЛУС МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје, е наведено НЕФРО ФАРМАЦИЈА ДООЕЛ Скопје, изјавата за сериозност на понудата и документите со кои се докажува дека не постојат причини за исклучување од постапката согласно член 88 на Законот за јавните набавки, како и ДРД образецот биле на име на економскиот оператор СИСТИНА ФАРМАЦИЈА ДООЕЛ Скопје, а не на име на жалителот. Понатаму, доставената понудата која гласела на НЕФРО ФАРМАЦИЈА ДООЕЛ Скопје била потпишана со дигитален сертификат издаден на одговорното лице на правното лице СИСТИНА ФАРМАЦИЈА ДООЕЛ Скопје, односно истиот требало да биде издаден на правното лице кое ја поднесува понуда од регистриран издавач на дигитални сертификати. Исто така, одобрението за промет на големо со медицински средства согласно Законот за лекови и медицински средства од страна на економскиот оператор не било доставено. Во решението, тужениот орган се произнел по жалбените наводи на тужителот.

Откако беа изложени наводите на тужителот дадени во тужбата, судот даде збор на полномошникот на тужителот ДТУ НЕФРОПЛУС МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје - Адвокат Стоименов Горан од Скопје, со заменичко полномошно дадено од Адвокат Александар Михајлоски од Скопје да се произнесе, при што истиот изјави дека останува кон наводите истакнати во тужбата, предложените докази како и кон тужбеното барање, и предложи Судот по анализа на наводите и доказите да го усвои тужбеното барање во целост со што предметното решение ќе го поништи и ќе го задолжи тужениот орган со надомест на трошоци.

Овластениот претставник на тужениот орган во своето излагање наведе дека отануваат во се како во Одговорот на тужба.

Во доказна постапка, Судот на расправата изврши увид во оспореното решение и приложените списи во електронското досие.

Управниот суд, по завршувањето на јавната расправа и по советувањето и гласањето, по оцена на доказите поединечно и во нивна меѓусебна поврзаност, најде дека:

Тужбата на тужителот е неоснована.

Согласно член 2 точка 10 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019),„Тендерска документација“ е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општоприменливите прописи и сета дополнителна документација. Согласно точка 11 од истиот член, „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон“.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

Согласно член 81 став 1 од истиот Закон, Договорниот орган во тендерската документација ги наведува барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка. Согласно став 2 од истиот член, Тендерската документација, во зависност од видот на постапката, особено содржи: - општи информации во врска со договорниот орган, - упатства во врска со законските рокови и неопходните услови за учество, - минималните критериуми за утврдување способност и документација што треба да ја поднесат понудувачите или кандидатите за да го докажат исполнувањето на критериумите за утврдување способност, - технички спецификации или во случај на примена на конкурентен дијалог, постапки со преговарање и партнерство за иновации, описна документација, - упатства во врска со изработка и поднесување на техничката и финансиската понуда, - детална и целосна информација во врска со критериумите за избор на најповолна понуда, - упатства во врска со правната заштита во постапка за јавна набавка и - информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка. Согласно став 3 од истиот член, По исклучок од ставот (2) на овој член, кај набавките од мала вредност со објавување оглас, договорниот орган изготвува поедноставена тендерската документација која особено содржи инструкции за поднесување на понудата и технички спецификации, додека при користење на електронскиот пазар на набавки од мала вредност само краток опис на предметот на набавка. Согласно став 4 од истиот член, Договорниот орган е должен да одговори на сите прашања или барања за појаснување или измени кои економските оператори можат да ги постават во врска со тендерската документација, под услов истите да бидат поднесени најмалку осум дена пред крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество, односно шест дена кај поедноставената отворена постапка и четири дена кај набавката од мала вредност со објавување оглас. Согласно став 5 од истиот член, Договорниот орган може, во роковите од ставот (6) на овој член, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања од економските оператори, да ја измени или дополни тендерската документација. Согласно став 6 од истиот член, Одговорите, како и измените и дополнувањата на тендерската документација, договорниот орган без надоместок и во најкус можен рок ги прави достапни на ист начин како што ја направил достапна тендерската документација, но не подоцна од шест дена од крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество, односно четири дена кај поедноставената отворена постапка и два дена кај набавката од мала вредност со објавување оглас. Согласно став 7 од истиот член, Договорниот орган може да одреди во тендерската документација дали ќе бара пренос на правата од интелектуална сопственост“.

Согласно член 109 став 1 од истиот Закон, Кај отворената постапка и поедноставената отворена постапка, комисијата, пред да пристапи кон евалуација на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот. Согласно став 2 од истиот член, При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања. Согласно став 3 од истиот член, Бараното објаснување понудувачот го доставува преку ЕСЈН во рокот кој го определила комисијата. Согласно став 4 од истиот член, Никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат,

нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот. Согласно став 5 од истиот член, Комисијата може да бара директно од понудувачот, а со цел за објаснување на понудата, превод на делот од понудата кој е во врска со техничката документација за кој во тендерската документација дозволил истата да биде изработена на странски јазик и за истото да одреди примерен рок. Согласно став 6 од истиот член, Неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира. Согласно став 7 од истиот член, Евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација. Согласно став 8 од истиот член, По извршената евалуација, комисијата ќе пристапи кон рангирање на понудите и изготвување предлог за избор на најповолна понуда Согласно став 9 од истиот член, Членот на комисијата кој не се согласува со предлогот за избор на најповолна понуда, ги изнесува своите ставови подготвени како забелешка приложена кон извештајот од спроведената постапка. Согласно став 10 од истиот член, При евалуација на понудите кај ограничената постапка, постапките со преговарање, конкурентниот дијалог и партнерството за иновации, комисијата соодветно ги применува одредбите од овој член. Согласно став 11 од истиот член, Министерот за финансии го пропишува начинот на исправка на аритметичка грешка во фазата на евалуација на понудите.

Согласно член 141 став 1 од истиот Закон, Во жалбената постапка Државната комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност проверува дали се сторени битни повреди од ставот (2) на овој член. Согласно став 2 точка 6 од истиот член, Битни повреди на Законот во смисла на ставот (1) на овој член се: тендерската документација не е во согласност со овој закон и довела или можела да доведе до дискриминација на економските оператори или ограничување на пазарната конкуренција".

Согласно член 143 став 1 од истиот Закон, Во отворената постапка, жалба се изјавува во рок од десет дена, додека во поедноставената отворена постапка и набавката од мала вредност во рок од пет дена, од денот на: 1.објавување на огласот за јавна набавка, во однос на содржината на огласот или тендерската документација; 2.објавување на известувањето за измени и дополнителни информации, во однос на содржината на измените и дополнителните информации; 3.отворање на понудите, во однос на пропуштањето на договорниот орган соодветно да одговори на навремените прашања или барања за појаснување или измени на тендерската документација или 4.прием на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување, во однос на постапката на евалуација и избор на најповолна понуда, или за причините за поништување на постапката. Согласно став 2 од истиот член, Жалителот кој пропуштил да изјави жалба во однос на одредбите од ставот (1) точките 1, 2 и 3 на овој член, нема право на жалба во подоцнежната фаза на постапката за истиот правен основ.

Согласно член 35 став 1 и член 37 став 1 од Законот за управните спорови („Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.96/2019), судот одлучува во границите на тужбеното барање, но притоа не е врзан со причините на тужбата, при што судот одлучува по поднесената тужба, по одржана расправа, освен кога тоа поинаку уредено со овој закон.

Согласно член 59 став 1 од истиот Закон, судот, ќе го одбие тужбеното барање како неосновано, ако утврди дека постапката која претходела на оспорениот управен акт била спороведена согласно законот, дека одлуката е правилна и заснована на закон.

Согласно член 40 став е од истиот Закон, Доколку не дојде некоја странка или друг учесник на расправата без за истото да даде оправдување, а уредно е поканет, расправата може да се одржи без нивно присуство.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение, имајќи ги предвид напред цитираните законски одредби, приложените докази како и наводите од одржаната јавна расправа, судот најде дека тужениот орган, спровел законита постапка и врз основа на правилно утврдена фактичка состојба, донел правилно и законито решение кое содржи доволно причини за решителните факти од кои се раководел тужениот орган при одлучувањето, кои во целост како правилни ги прифаќа и овој суд.

Во тужбата тужителот наведува дека, во конкретниот случај договорниот орган извршил разгледување на образецот на понудата и останатите документи доставени со понудата и констатирал дека, наводно понудата е поднесена од НЕФРО ФАРМАЦИЈА ДООЕЛ Скопје, иако во ЕСЈН субјектот е запишан како СИСТИНА ФАРМАЦИЈА ДООЕЛ Скопје, како и дека изјавата за сериозност и изјавата дека во последните 5 години не е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело од чл.88 ст.1 од ЗЈН е на име на СИСТИНА ФАРМАЦИЈА ДООЕЛ Скопје, а не на правниот субјект кој ја поднесува понудата, односно на НЕФРО ФАРМАЦИЈА ДООЕЛ Скопје. Исто така, констатирал и дека во меѓувреме во ЕСЈН истата е преименувана во НЕФРОПЛУС МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје. Врз основа на наведеното, договорниот орган ја донел обжалената одлука за избор, по што го известил сега тужителот, дека неговата понуда за Дел 40 не е предмет на евалуација од наведените причини. Укажува дека, Договорниот орган, а потоа и сега тужениот орган, во текот на жалбената постапка пропуштиле да утврдат дека економскиот оператор НЕФРО ФАРМАЦИЈА ДООЕЛ Скопје доставил понуда преку својот профил на ЕСЈН, кој поради промена во називот на друштвото сеуште се води по претходниот назив на друштвото - СИСТИНА ФАРМАЦИЈА ДООЕЛ, па заедно со понудата ги доставил и сопствените документи за докажување на способност кои исто така се водат по претходниот назив на друштвото - СИСТИНА ФАРМАЦИЈА ДООЕЛ. Појаснува дека, сите доставени документи се однесуваат на истиот и еден правен субјект - понудувач, што значи дека станува збор за ист правен субјект, односно еден економски оператор, што може да се утврди при увид во документацијата приложена кон понудата доставена од економскиот оператор, сега тужител, до договорниот орган и укажува дека, во прилог на жалбата која е доставена до Државната комисија доставен е Историјат на промени на друштвото, од кој е видно дека, во Централниот регистар на РСМ на ден 09.07.2020 година извршен е упис на промена на називот на друштвото, кој од Друштво за трговија и услуги СИСТИНА ФАРМАЦИЈА ДООЕЛ Скопје е променет во Друштво за трговија и услуги НЕФРО ФАРМАЦИЈА ДООЕЛ Скопје. Понатаму, на ден 28.07.2020 година повторно е извршена промена на називот на друштвото во Друштво за трговија и услуги НЕФРОПЛУС МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје. Понатаму, наведува дека, Државната комисија погрешно утврдила дека економскиот оператор во прилог кон документацијата не го доставил одобрението за промет на големо со медицински средства, со укажување дека, од друга страна, фактот дали одобрението за промет на големо со медицински средства било доставено од страна на економскиот оператор, воопшто не е релевантен во конкретниот случај од аспект на законитоста на побиваната Одлука за избор на најповолна понуда, бидејќи понудата на економскиот оператор од страна на договорниот орган била отфрлена од други причини, а не заради недостатоци во документацијата приложена кон понудата.

При одлучувањето, судот ги ценеше ваквите наводи на тужителот, но истите ги оцени како неосновани и без влијание за поинакво одлучување. Судот цени дека,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

тужениот орган врз основа на сите приложени докази во предметот и увидот во Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), правилно потврдил дека договорниот орган согласно одредбите на Законот за јавните набавки правилно постапил кога ја исклучил од понатамошна евалуација на понудите понудата на сега тужителот од причина што истиот не ги исполнувал во целост условите и барањата од тендерската документација, притоа повикувајќи се на член 109 од Законот за јавните набавки. Имено, тужениот орган правилно потврдил дека, во понудата во делот име на понудувачот наместо жалителот НЕФРОПЛУС МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје е наведено НЕФРО ФАРМАЦИЈА ДООЕЛ Скопје, изјавата за сериозност на понудата и документите со кои се докажува дека не постојат причини за исклучување од постапката согласно член 88 на Законот за јавните набавки, како и ДРД образецот биле на име на економскиот оператор СИСТИНА ФАРМАЦИЈА ДООЕЛ Скопје, а не на име на жалителот. Понатаму, доставената понудата која гласела на НЕФРО ФАРМАЦИЈА ДООЕЛ Скопје била потпишана со дигитален сертификат издаден на одговорното лице на правното лице СИСТИНА ФАРМАЦИЈА ДООЕЛ Скопје односно истиот требало да биде издаден на правното лице кое ја поднесува понуда од регистриран издавач на дигитални сертификати. Судот укажува дека, видно од Историјат на промени на друштвото на кој се повикува тужителот, промените во Централниот регистар биле извршени пред истекот на рокот за поднесување на понудите кој бил до 17.07.2020 година, па отука судот цени тужителот имал можност и обврска да достави точни и ажурирани податоци во ЕСЈН и да изврши промена и на дигиталниот сертификат

По однос на наводите на тужителот дека, во конкретниот случај воопшто не станува збор за промени во самата понуда или замена на доставената документација, како што утврдила Државната комисија, туку станува збор за документацијата за утврдување на способност на понудувачот, бидејќи сите документи за кои договорниот орган тврди дека се потпишани од различни економски оператори се всушност документи кои се дел од документацијата за утврдување на способност, што значи повторно правилна би била примената на одредбите од чл.109 ст.1 и 2 од ЗЈН, доколку договорниот орган одлучел да постапи по нив, Судот наоѓа дека тужениот орган правилно постапил кога не ги прифатил овие наводи и правилно констатирал дека наведеното е право, но не и обврска за постапување на договорниот орган и дека примената на наведените одредби од член 109 став 1 и 2 на Законот за јавните набавки во конкретниот случај е ограничена, имајќи го предвид видот на постапката како и од причина што одредбите на Законот за јавните набавки се однесуваат на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот, но не и промени во самата понуда или пак замена на доставената документација.

При одлучувањето, судот ги ценеше и наводите на тужителот дека, Државната комисија пропуштила да утврди дека правната поука наведена во Одлуката за избор на најповолна понуда е нејасна во поглед на рокот предвиден за право на жалба до Комисијата за жалби, од причини што во истата е наведено дека: „Незадоволниот учесник во постапката од изборот за најповолна понуда има право на жалба до Комисија за жалби во рок од 10/5 дена од денот на приемот на известувањето и одлуката 3/6 за избор за најповолна понуда", што е спротивно на чл.137 ст.1 од Законот за јавни набавки, каде што е уредено дека „На дејствијата во жалбената постапката кои не се уредени со одредбите од овој закон ќе се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка и погрешно утврдила дека вака поставениот рок за поднесување на жалба не довел до повреда и ограничување на правото на изјавување на жалба, но и овие наводи ги оцени како неосновани.

Судот укажува дека, тужениот орган правилно сметал дека во конкретниот случај истото не довело до повреда и ограничување на правото на изјавување жалба од

страна на жалителот, од причини што рокот за жалба прецизно бил наведен во известувањето кое заедно со одлуката за избор и поништување била доставена до секој економски оператор-понудувач, а и во Одлуката за избор и поништување точно било наведено дека се работело за отворена постапка.

Имајќи предвид дека согласно член 86 став 3 од Законот за управните спорови, во управен спор, доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката, Судот барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоци во постапката во вкупен износ од 12.886,00 денари го одби како неосновано.

Со оглед на погоре наведеното, судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Управниот суд на ден 08.07.2021 година, под У-6.бр.1747/2020.

Записничар - виш судски референт
Александра Гоческа Крстевска

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на РСМ, банка на примач НБРСМ, судски такси од правни лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави на:
- тужителот - преку полномошник Александар Михајлоски, адвокат од Скопје
- тужениот орган
- ЗЛ - ТДППУ ВЕСТА ДРОГЕРИЈА увоз-извоз ДООЕЛ Скопје

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

РН /

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник:
4